Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 42 став 1 од Законот за основно образование („Сл.Весник на РСМ,, бр.161/19 и 229/2020), член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година и 20-9926/1 од 15.08.2017 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци “ бр.8/05, .....75/21)

Советот на Општина Кавадарци на 53-та седница одржана на ден 07.02.2025 година, донесе,

14.02.2025

18/2

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Димката Ангелов Габерот,, Кавадарци за учебната 2024/2025 година**

1. Советот на Општина Кавадарци дава ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ на Програма со арх.бр.08-227/2 од 17.07.2024 година за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„ Димката Ангелов Габерот,, Кавадарци за учебната 2024/2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот донесувањето, а ќе се објави во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци"

Бр.08- 822/13
07.02.2025 година
К а в а д а р ц и

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
д-р Стојанчо Рамов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
Бр. 09-25/2 8
23.12. 2024 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" - КАВАДАРЦИ
Примено: 27.12.2024

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| | 227/3 | | |

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

До
Г-дин Ѓорѓи Ѓорчев
Директор на
ООУ „Димката Ангелов Габерот" општина Кавадарци

**Предмет:** Доставување Мислење за Програма бр. 08-227/1 од 17.07.2024 за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците при ООУ „Димката Ангелов Габерот" општина Кавадарци за учебната 2024 – 2025 год.

Врска: Барање: бр. 03-227/2 од 05.12.2024 година.

Почитуван,

Во прилог на ова писмо Ви доставуваме мислење во врска со вашето барање за реализација на програмата за екскурзии.

Со почит,

в.д. Заменик Директор
Mr. Shpresa Selimi

Прилог: Мислење

изготвил: Горан Стојанов
контролирал: Гордана Јанакиевска
одобрил: Оливер Станојоски

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

**Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности**

Бирото за развој на образованието ја разгледа ***Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците при ООУ „Димката Ангелов Габерот" општина Кавадарци во учебната 2024 – 2025 год.***, во која се наведени следните екскурзии:

1. Програма за изведување на тродневна ученичка екурзија наменета за учениците од IX одд.
2. Програма за изведување на дводневна ученичка екурзија наменета за учениците од VI одд.
3. Програма за изведување на еднодневна ученичка екскурзија наменета за учениците од III трето одделение.
4. Програма за изведување на еднодневен пролетен излет наменет за учениците од I до IX одделение.
5. Програма за реализација на настава во природа за учениците од V одделение.
6. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели со учениците од VI, VII и VIII одделение.
7. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели со учениците од IX одделение.
8. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели со учениците од IV и V одделение.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
Rr. "Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. "Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

По разгледувањето на програмата доставена од ООУ „Димката Ангелов Габерот“ општина Кавадарци, Бирото за развој на образованието го констатира следоното:

- по разгледувањето на доставената програма може да се констатира дека истата е изготвена според *Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта;*

- во програмата се јасно дефинирани: целите, задачите, видот на екскурзиите и другите слободни активности, организацијата, содржините на активностите, раководителите, опфатот на учениците и начинот на изведувањето и финансирањето на истите;

Земајќи ги во предвид горе наведените констатации, Бирото за развој на образованието дава **позитивно мислење** за ***Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците при ООУ „Димката Ангелов Габерот“ општина Кавадарци, во учебната 2024 – 2025 год.***

советник за училиштето

***Горан Стојанов***

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 20, Скопје
Rr. "Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. "Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

**ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ**

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**ОД ООУ,, ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ, КАВАДАРЦИ**

**во учебната 2024/ 2025 година**

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ"
Бр. 08 - 227/1
17.07. 2024 год.
КАВАДАРЦИ

**ПРЕГЛЕД НА ЕКСКУРЗИИ , ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ,, ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ, КАВАДАРЦИ**
**во учебната 2024/ 2025 година**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатори | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Тродневна екскурзија низ западна Македонија | мај | Одд.раководители и ученици од IX одд, | Разговор, набљудувања | Дружење, проширување на знаења,љубов кон татковината, негување на културните богатства, развивање еколошка свест… |
| Дводневна екскурзија низ источна Македонија | Април | Одд.раководители и ученици од VI одд, | Разговор, набљудувања | Дружење, проширување на знаења, љубов кон татковината,негување на културните богатства, развивање еколошка свест… |
| Еднодневна екскурзија до Негорци –Гевгелија-Дојран | мај | Одд.раководители и ученици од IIIодд, | Разговор, набљудување | Рекреирање, дружење, забава, развивање, љубов кон татковината, правилен однос кон природата |
| Еднодневен излет во историски локалитет 12 Другари – Моклиште | Мај | Одд.раководители и ученици од I, II. III, IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение | Разговор, набљудување | Рекреирање, дружење, забава,развивање правилен однос кон природата… |
| Тродневна настава во природа во Детско одмаралиште "Радости" –Охрид | Мај | Одд. раководители и ученици од Vодд. | Разговор, набљудување, истражување, дискусии | Учениците со овој вид настава ќе ги продлабочат знаењата за растителниот свет кој расте и опстојува во Радости, ќе ги збогатат знаењата за природните одлики и работата на луѓето покрај вода. Ќе го збогатат своето искуство во откривање на нови знаења по македонски јазик преку |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | интерпретација на четива и усно и писмено изразување на своите доживувања и впечатоци од престојот во и неговите убавини. Теоретски и практиччно ќе се запознаат и оспособат, преку истражувачки постапки, да прибираат, средуваат и претставуваат податоци, да мерат и пресметуваат должини во природни услови. Да сликаат во природа користејќи ги визуелното и тактилното чувство. Своите впечатоци да ги изразат преку песна. Кај учениците ќе се развие способност за набљудување, перцепирање, воочување на предметите и појавите, сфаќање на меѓусебните врски и односи во природата, а особено на човекот како дел од природата. |

| ЕКСКУРЗИИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Посета на Планетариумот МКЦ-Скопје | Мај | Наставници по географија и физика и **ученици од VI, VII и VIII** одделение | Разговор, набљудување, истражување, дискусии | Изучување и истражување на објекти и појави во природата, да изградат еколошки навики и свест за заштита на природата, дружење, забава |
| Екскурзија во Скопје - Посета на Парламентот на Република Македонија | Април-мај | Наставник по историја и граѓанско образование и **ученици IX одд** | Разговор, набљудување, истражување, дискусии | Запознавање со работата на државните органи и политиичкиот систем на нашата држава |
| Екскурзија во Скопје - Посета на Музеј на илузии и зоолошка градина | март | Наставници и **ученици IV и V одд** | Разговор, набљудување, истражување, дискусии | Рекреирање, дружење, забава, развивање правилен однос кон природата, животинскиот свет |

## *ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТРОДНЕВНА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА IX ОДДЕЛЕНИЕ ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА (ГОСТИВАР-ДЕБАР-СТРУГА-ОХРИД)*

1. **Воспитно-образовни цели:**

- Проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети.
- Поттикнување на љубопитноста кај учениците и овозможување да се здобијат со знаења на односот на луѓето и општествената средина, нејзино вреднување и облагородување
- Запознавање со Полошката котлина,манастирот "Свети Јован-Бигорски", Вевчанските извори, Охридското Езеро и Самоиловата тврдина
- Развивање чувство за љубов кон татковината
- Емоционално доживување на природните и историски убавини на Македонија
- Развивање на еколошката свест кај учениците и однесување во заедница
- Проширување на знаењата за нашето културно-историско наследство

2. **Задачи**

- Запознавање на учениците со северозападниот дел од Р.С.Македонија, географските и историските карактеристики.
- Да се поттикне љубопитноста кај учениците и овозможување да се здобијат со знаења за односот на луѓето и општествената средина, нејзиното вреднување и облагородување;
- Да се развива чувство на љубов кон татковината;
- емоционално доживување на природните и историските убавини на Р.С.Макединија;
- да се поттикне развивање на еколошката свест кај учениците и однесување во заедница.

3. **Содржина и опис на активности**

Прв ден

Тргнување од Кавадарци во 7.00 часот кон Скопје-Гостивар –Дебар-Струга-Охрид
- Посета на манастирот Св.Јован Бигорски
- Се патува до Дебар и набљудување на Дебарското езеро
- Се посетуваат Вевчанските извори
- Во попладневните часови пристигнување во Охрид и распоредување на учениците во соби од хотел

Втор ден:

- Појадок и прошетка низ Охрид,посета на Самоиловата тврдина, римскиот театар, црквата Света Софија,Плаошник и Свети Јован Канео
- Враќање од прошетката на ручек, слободно попладне крај езерото и вечера

Трет ден

- Посета на манастирот Свети Наум
- Слободна прошетка низ Охрид
- Кон пладне – ручек во хотелот(одмаралиштето)и враќање кон Кавадарци преку Ресен, Битола и Прилеп

4. **Раководител, наставници и ученици**

Раководител- Оливера Летникова
Наставници – Оливера Летникова 9а, Соња Т. Костова 9б, Тодор Ѓорчев 9в, - Маја Ѓорѓиева подрачно училиште
Ученици од деветто одд. во централното и од ПУ
СопотОпфатеност на ученици 80%

5. **Времетраење**

_Екскурзијата ќе трае три дена во месец Мај 2025г

6. **Локации за посета и правци на патување**

Дебарското Езеро, Вевчанските извори , Самоиловата тврдина,римскиот театар,црквата Света Софија,Плаошник и Свети Јован Канео
Кавадарци-Скопје-Гостивар –Дебар-Струга-Охрид- Ресен- Битола- Прилеп

7. **Техничка организација**

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзи, излети и и другите вонучилишни активности за учениците во основните училишта, училишната комисија формирана со одлука на Училишен одбор, ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. ( Патувањето ке биде со современи автобуси кои ги исополнуваат потребните стандарди и барања од Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца ( чл. 19 и чл.22 од Правилнокот).
Останатите услови за реализација на екскурзијата ,цена на чинење и бројот на учениците ќе се конкретизираат пред самата изведба на екскурзијата.

8. **Начин на финансирање**

Екскурзијата ќе биде изведена со средства од родителите.

***ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДВОДНЕВНА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗАVI ОДДЕЛЕНИЕ (МАНАСТИР ВЕЉУСА-СТРУМИЦА-ДОЈРАН)***

1. **Воспитно-образовни цели**

- Здобивање со знаења, претстави , поими како и односи во природната и општествената средина
- Проширување на знаење, примена на ставови преку непосредно запознавање на природната и општественатасредина, културно историските знаменитости во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.
- Запознавање со природните убавини на нашата татковина.

2. **Задачи**

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот.
- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот.
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции.
- Социјализација, стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Создавање навики за здраво живеење.

3. **Содржина и опис на активности**

Прв ден

- Поаѓање од Кавадарци во 8:00 часот
- Пристигнување во Дојран и прошетка во стариот дел и градот.
- Пристигнување во Струмица, сместување и вечера.

Втор ден

- Појадок и тргање во утринските часови
- Посета на манастирот Вељуса и прошетка во централното градско подрачје.
- Враќање во хотелот за ручек.
- Поаѓање за Кавадарци околу 16 часот.

4. **Раководител, наставници и ученици**

**Раководител** на дводневна екскурзија- Верица Костова
**Наставници**:одделенски раководители: Верица Костова, Горица Мицева, Горанче Илиоски и Благица Ангелова од подрачно училиште с. Сопот.
**Учениците** од VI одд. од ООУ „Д.А-Габерот Кавадарци
- Опфатеност на ученици ----------- 80%

5. **Времетраење**

Два работни дена во месец април 2025.

6. **Локации за посета и правци на патување**

Посета на градот Струмица, манастирот Вељуса, Дојран и Дојранското

Езеро.Кавадарци- Струмица- Манастир Вељуса- Дојран- Кавадарци

7. **Техничка организација**

Согласно новиот Правилник за начинот на изведување на училишни екскурзии , излети други вонучилишни активности за учениците во основните училишта, за техничката организација се грижи стручниот тим за изготвување на програма за екскурзии и др. слободни активности. Патувањето ке се реализира со современи автобуси кои ги исополнуваат потребните стандарди и барања од Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца ( чл. 19 алинеја 3 и чл.22 од Правилникот).

9. **Начин на финансирање:** Екскурзијата ќе биде изведена со средства од родителите.

## *ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВНА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ (ГЕВГЕЛИЈА-ДОЈРАН)*

1. **<u>Воспитно-образовни цели:</u>**

- Учениците да ги запознаат природните убавини на татковината, богатствата
- Запознавање со Дојранското Езеро, начинот на живеење покрај езеро, Граничен премин Дојрани...

2. **<u>Задачи</u>**

- Учениците да знаат правилно да се однесуваат при посета на граничен премин и државна граница;
- Да изградат позитивен однос и почит кон природните богатства.

**<u>3. Содржина и опис на активности</u>**

- Тргнување од Кавадарци во 7,30ч.
- Учениците го разгледуваат градот Гевгелија и потоа се тргнува за Дојран.
- Се посетува граничниот премин со соседна Грција.
- Во Дојран се одмараат и се забавуваат.
- Пристигнувањето во Кавадарци е планирано во 17 часот.

4. **<u>Раководител, наставници и ученици</u>**

**Раководител** на еднодневната екскурзија- Душанка Јошева
**Наставници**:одделенски раководители – Душанка Јошева IIIа, Тања Атанасова IIIб, Лидија Котева IIIв и Цветанка Стојановиќ од подрачното училиште с. Сопот
**Учениците** од III одд. од ООУ „ Д.А-Габерот,, Кавадарци и подрачно училиште с. Сопот.

Опфатеност на ученици -----------80%

5. **<u>Времетраење</u>**

Еднодневна екскурзија планирана во месец Мај 2025 год.

**<u>6 .Локации за посета и правци на патување</u>**

Знаменитости во градот Гевгелија, граничен премин, Дојранско езеро
-Кавадарци - Гевгелија –Дојран-Кавадарци

## 7. Техничка организација

Согласно новиот правилник за начинот на изведување на училишни екскурзии, излети и другите вонучилишни активности за учениците во основните училишта, за техничката организација се грижи стручниот тим за изготвување на програма за екскурзии и др. слободни активности. Патувањето ке се реализира со современи автобуси кои ги исополнуваат потребните стандарди и барања од Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца ( чл. 19 алинеја 3 и чл.22 од Правилнокот).

## 8. Начин на финансирање

Екскурзијата ќе биде изведена со средства од родителите.

# *ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТ (ЛОКАЛИТЕТ 12 ДРУГАРИ-МОКЛИШТЕ)*

Врз основа на Правилникот за екскурзии, излети и други вонучилишни активности, активите на од I, II, III, IV ,V,VI, VII, VIII и IX одделение при ООУ Димката А. Габерот "- Кавадарци и ПУ во с. Сопот го изготвува следниот предлог план за изведување на еднодневен излет:

## 1. Воспитно-образовни цели:

- Проширување на знаење, примена на ставови преку непосредно запознавање на природната и општественатасредина, културно историските знаменитости во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето
- да им се покаже на учениците како можат познатите техники за учење да се употребуваат во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање);
- изучување, истражување и проширување на знаењето за карактеристиките и спецификите на објектите – градбите.
- проширување на знаења за археолошки локалитети.
- градење на чувство на патриотизам;
- развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- да стекнат искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за живиот свет во природата и градење еколошки навики

## 2. Задачи

- . Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот.
- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот.
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции.

- Социјализација, стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Создавање навики за здраво живеење.

### 3. *Содржини и опис на активности*

- Посета на историски локалитет 12 Другари - Моклиште
- Поаѓање од Кавадарци во 8:00 часот
- Пристигнување во историски локалитет 12 Другари - Моклиште
- Прошетка во околината
- Враќање во попладневните часови

### 4. Раководител, наставници и ученици

**Раководител** – Гордана Мурџевалеска, Валентина Тодорова, Адријана Апостолова
**Наставници**- : Гордана Мурџевалеска, Весна Коцева, Билјана Ј. Неделкова, Валентина Тодорова, Душанка Јошева, Тања Атанасова, Цветанка Ласкова, Донка Чејкова, Цветанка Каровска,Лидија Котева, Невенка Трифунова, Снежана Ѓелева, Десанка Костадинова, Силвана Грозданова, Петранка Стојанова, Лидија Захариева, Маре Толева, Владо Тасев,Верица Костова, Горанче Илиоски, Горица Мицева, Цветанка Стојановиќ, Адријана Апостолова, Розалија Рамова, Љупчо Меркаш, Ирена Ѓелевски, Весна Пончева, Марија Јовановиќ, Марија Бакева, Маја Ѓорѓиева, Благица Ангелова, Оливера Летникова, Соња Т. Костова, Тодор Ѓорчев
**Учениците** од I, II, III, IV ,V, VI, VII, VIII и IX одд. од ООУ ,, ДА-Габерот ,, Кавадарци и с. Сопот.
Опфатеност на ученици ----------- 80%

### 5. Времетраење

Излетот е планиран еден ден во Мај 2025

### 6. Локации за посета и правци на патување

Кавадарци- историски локалитет 12 Другари - Моклиште - Кавадарци

### 7. Техничка организација

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии , излети и други вонучилишни активности за учениците во основните училишта, за техничката организација се грижи стручниот тим за изготвување на програма за екскурзии и др. слободни активности.

### 8. Начин на финансирање

Нема потреба од фиансии бидејќи се пешачи

## *НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ВО V одд.*

ООУ" Димката Ангелов -Габерот" - КАВАДАРЦИ

Место на престој – Охрид –Одмаралиште

„Радости“

Време на реализација – Април / Мај 2025 год.

Учесници - учениците од Va ,Vб , Vв и V -подрачно одд. од ООУ. ,,Димката Ангелов -Габерот"

1. **Настава во природа за учениците од V одделение**

### ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:

•Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа.

•Развивање на способнст за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и опшествената средина.

•Продлабочување проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки.

•Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато.

•Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики.

•Да се развиваат и негуваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста.

•Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

•да стекнат искуство за осамостојување и грижа за себе;

### ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:

•Посета на културно – историските места и споменици;

•Набљудување на природните убавини и богатсва на нашата татковина;

•Истражување на културното , духовното и историското значење на местата кои ги посетуваат учениците;

- Усовршување на способноста за: насочено внимание, воочување, селективно воочување и бележење на детали и податоци;
- Развивање : љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
- Да се негува и развива: индивидуалната, тандемска и групна работа меѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Организирање ученички работилници во корелација со наставните премети;
- Развивање на правилни хигиенско – здраствени навики и поттикнување на самостојност во одржувањето и изведувањето на личната хигиен и грижа за себеси;
- Потикнување и создавање на навики за негување на редовни физички активности и за почесто престојување во природа;
- Формирање на навики за редовна и правилна исхрана;
- Запознавање со начинот на живот и работата на луѓето во населеното место;
- Подобрување на здравјето и развивање на физичките и моторичките способности кај учениците;

## ПЛАНИРАЊЕ И УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ

**ПОДГОТОВКА**

Со Годишната програма за работа на училиштето е планирана настава во природа со петтите одделенија, во согласност со родителите учениците. На родителските средби родителите ќе одлучат дали да се изведе оваа настава во месец април/мај, а финансирањето ќе биде самофинансирање на родителите. На оваа настава се очекува да присуствуваат 80% од учениците.

Ќе се водат индивидуални разговори со ученици и родители со цел поефикасна адаптација и социјализација на поедини ученици во колектив живот. Ќе се преземат напори да се обезбеди бесплатен престој на социјалните случаи.

Изработена е посебна програма со конкретизација на содржини, активности и куќен ред, која е во прилог. Изработени се и задолженија наставниците за слободните активности и слободното време, како и задолженија на учениците за организирање на слободното време во натпревар квизови и сл.

За реализација на овој вид настава се врши и избор на наставни и технички средства и помагала кои ќе се користат при реализацијата наставата и активностите и тоа: топки, јажиња, лопатки за пинг-понг, компас, учебници, хамери, ножици, лепило, метро и др.

По враќањето од наставата во природа ќе се изврши согледување и проценка од ефектите. Ќе се поднесе и извештај за истото пр Наставничкиот совет.

- Наставата во природа ќе се организира со учениците од V одделение за време на воспитно – образовната работа во периодот април/ мај 2025 година.

(Здена, 2 ноќи)

•Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа ќе биде избран по претходно тендерско наддавање во нашето училиште и задолжителн треба да има една училница.Опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во Р. С. Македонија.

За непосредна реализација на наставата во природа одговорен е одделенскиот раководител на паралелката.
За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето за истите.

**АКТИВНОСТИ И СОДРЖИНИ:**

Содржините и активностите ќе бидат врз основа на годишната програма и распоредот на часовите за деновите кога се изведува наставата во природа

| АКТИВНОСТИ | СОДРЖИНИ |
|---|---|
| Наставни активности | •Наставниот план и програми заVодделение прилагодени на местото и условите за работа |
| Активностиво слободното време | •Секојдневни прошетки<br>•Учење на нови игри<br>•Спортски натпревари<br>•Слушање, пеење, играње, натпревари<br>•Цртање и сликање |

**РАКОВОДИТЕЛ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА**

Одделенски наставник- Цветанка Ласкова
**Наставници:** Цветанка Ласкова, Лидија Захариева, Донка Чејкова и Владо Тасев

**ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО ЗА РАБОТА И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ**

Наставата во природа ќе се реализира во деновите: среда, четврток и петок.
•РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ: Ќе се одржуваат часовите од овие денови, а распоредот е даден подолу.

Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во времето од 09 до 13 часот, Организирано користење на слободното време е од 16 часот до 19 часот со игри, натпревари, квизови и прошетки до блиската околина.

## КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ ПО ПРЕДМЕТИ:

### МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

| ЧАС | Наставна тема | Наставна содржина |
|---|---|---|
| 1 час | Литература и лектира | Интерпретација на текст, читање на глас, читање во пар) |
| 2 час | Усно и писмено изразување | Усно прераскажување по даден план/писмено изразување: Раскажување, ( планер, редење на зборови) |
| 3 час | Усно и писмено изразување | Опис на **Охридското Езеро** |

### МАТЕМАТИКА

| ЧАС | Наставна тема | Наставна содржина |
|---|---|---|
| 1 час | ТЕМА – Мерење | Единици мерки за должина: м,дм,цм,км |
| 2 час | ТЕМА – Мерење | Практични вежби -мерење на растојанија-стандардни и нестандарни мерки |
| 3 час | ТЕМА – РАБОТА СО ПОДАТОЦИ | Прикажување на податоци на пиктограми |

### ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО

| ЧАС | Наставна тема | Наставна содржина |
|---|---|---|
| 1 час | Релјефот во Р.С.Македонија | Набљудување на рељефот во околината |
| 2 час | Релјефот во Р.С. Македонија | Ориентирање во просторот според природните објекти и користење на компас за ориентација во просторот |

### МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

| ЧАС | Наставна тема | Наставна содржина |
| --- | --- | --- |
| 1 час | Пеење | Слушање на музика |
| 2 час | Пеење | Музичко изразување и творење |

## ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

| ЧАС | Наставна тема | Наставна содржина |
| --- | --- | --- |
| 1 час | Основи на спортски игри- фудбал | Слободно водење на топка |
| 2 час | Основи на спортски игри- фудбал | Фудбалско шутирање во ѕид |
| 3 час | Основи на спортски игри- Фудбал | Фудбалско додавање и примање на топка во парови во место |

## ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

| ЧАС | Наставна тема | Наставна содржина |
| --- | --- | --- |
| 1 час | Сликање | Сликање по доживување |
| 2 час | Сликање | Сликање по доживување |

**Планирање на наставата по распоред за деновите:**

<u>**Прв ден**</u>

1. **Македонски јазик- час.** 1. Интерпретација на текст (читање на глас, читање во пар)
2. **Математика** Единици мерки за должина: м,дм,цм,км
3. **ФЗО- час.** Слободно водење на топка
4. **Ликовно образование -** Сликање по доживување
5. **Ликовно образование -** Сликање по доживување 2 час



<u>**Втор ден**</u>

1. **ФЗО- час.** Фудбалско шутирање во ѕид
2. **Македонски јазик- час.** Усно прераскажување по даден план/писмено изразување: ( планер, редење на зборови)
3. **Математика- час.** Практични вежби -мерење на растојанија-стандардни и нестандарни мерки
4. **Историја и општество -** Набљудување на релјефот во околината
5. **Музичко образование -** Слушање на музика



<u>**Трет ден:**</u>

1. **Македонски јазик-** Опис на **Охридското Езеро**
2. **Математика- час.** Прикажување на избор на пиктограми
3. **ФЗО- час.** Фудбалско додавање и примање на топка во парови во место
4. **Историја и општество –** Ориентирање во просторот според природните објекти и користење на компас за ориентација во просторот
5. **Музичко образование-** Музичко изразување и творење



**Техничка организација:**

**Наставата во природа ќе се изведува со правни лица кои ги исполнуваат следните услови:**

- Да се регистрираат според прописите во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност.
- Да имаат успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности последните три години.
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот на безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посеб технички барања на возилата со кои се превезуваат група на ученици.
- Превозното средство ( автобусот) да биде климатизиран

***Финансиски средства***

Финансиските средства ги обезбедуваат родителите на учениците а ќе се бараат дополнителни средстсва за ученици кои потекнуваат од социјал загрозени семејства.

***Анализа на настава во природа***

По изведувањето на наставата во природа ќе се изврши анализа и ќе се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници

**Одговорни наставници:**

Цветанка Ласкова, Лидија Захариева, Донка Чејкова и Владо Тас

***Екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели***

***ПОСЕТА НА ПЛАНЕТАРИУМ МКЦ-СКОПЈЕ СО УЧЕНИЦИ ОД VI, VII и VIII одд.***

## 1. Воспитно-образовни цели:

- Учениците да се запознааат и да ги прошират своите знаења за планетата Земја и другите соѕвездија
- да имаат визуелна претстава за Сончевиот систем, распоредот на планетите, за небото и за ѕвездите
- да стекнат основни знаења од астрономијата и да се развие интерес за изучување на планетите, галаксиите и целиот универзум
- Да се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за планетата Земја.
- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики.
- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.
- Развивање интерес за рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

## 2. Задачи

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата, созвездието и планетите
- да изградат еколошки навики и свест за заштита на природата
- да знаат правилно да се однесувааат при посета на научно истражувачки центар
- да изградат позитивен однос кон природното наследство и зачувување на планетата земја
- Да изградат позитивен однос кон природното наследство и зачувување на планетата Земја.
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата.
- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики.
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоци.

## 3. Содржина и опис на активности

- Тргнување од Кавадарци во 8:00ч.
- Се патува до Планетариум МКЦ-Скопје.
- Се разгледува внатрешноста на салата за проекции на Планетариумот

- Предавање од страна на стручни лица
- Пристигнувањето во Кавадарци е планирано во 17 часот.

## 4. Раководител, наставници и ученици

**Раководител** - Весна Пончева

- **Наставници**:Весна Пончева, Апостолова Адријана, Верица Костова, одделенски раководители

**Учениците** од VII и VIII одд. од ООУ „ Д.А-Габерот,, Кавадарци и ПУ Сопот.

Опфатеност на ученици------------80%

## 5. Времетраење

Времетраење на екскујрзија - Еднодневна екскурзија  планирана во месец Мај 2025

## 6..Локации за посета и правци на патување

Кавадарци – Скопје-Планетариум МКЦ - Кавадарци

## 7. Техничка организација

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии, излетите и другите вонучилишни активности за учениците во основните училишта, за техничката организација се грижи стручниот тим за изготвување на програма за екскурзии и др. слободни активности. Патувањето ке се реализира со современи автобуси кои ги исополнуваат потребнитестандарди и барања од Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца ( чл. 19 алинеја 3 од Правилнокот).

## 9. Начин на финансирање

Екскурзијата ќе биде изведена со средства од родителите.

***Екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели во Скопје***

**ПОСЕТА НА ПАРЛАМЕНТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО УЧЕНИЦИ ОД IX одд.**

1 **Воспитно-образовни цели:**

- Учениците да се запознаат со државните органи
- Проширување на знаењата од граѓанско образование
- Запознавање со начинот на функционирање на законодавниот дом
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности

2 **Задачи**

- Учениците да се запознаат со начинот на функционирање на законодавниот дом
- Учениците да знаат правилно да се однесуваат при посета на културни знаменитости;
- Да изградат позитивен однос и почит кон културното наследство и минато, развивање на национална свест

3 **Содржина и опис на активности**

- Тргнување од Кавадарци во 8:00ч.
- Се патува до Скопје.
- Посета на Собранието на РСМ
- Пристигнувањето во Кавадарци е планирано во 17 часот.

**4. Раководител, наставници и ученици**

**Раководител** на еднодневната екскурзија - Љупчо Меркаш
**Наставници**: Љупчо Меркаш, Викторија Ѓорчева
**Учениците** IX од ООУ „ Д.А-Габерот“ Кавадарци и подрачно училиште с. Сопот.

Опфатеност на ученици ------80%

**5. Времетраење**- Еднодневна екскурзија планирана во месец Април-Мај 2025

**6.Локации за посета и правци на патување**

Кавадарци – Скопје -Парламентот- -Кавадарци

## 7. Техничка организација

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии, излетите и другите вонучилишни активности за учениците во основните училишта, за техничката организација се грижи стручниот тим за изготвување на програма за екскурзии и др. слободни активности. Патувањето ке се реализира со современи автобуси кои ги исополнуваат потребнитестандарди и барања од Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца ( чл. 19 алинеја 3 од Правилнокот).

- **Начин на финансирање**

Екскурзијата ќе биде изведена со средства од родителите.

### *Екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели во Скопје*

### ПОСЕТА НА МУЗЕЈ НА ИЛУЗИИ И ЗООЛОШКА ГРАДИНА ВО СКОПЈЕ СО УЧЕНИЦИ ОД IV и V одд

Музејот на илузии е место каде посетителите за момент може да избегаат од границите на реалноста и да влезат во еден поинаков свет, каде целата реалност се претвора во една виртуелна илузија.
Зоолошката градина има значајна улога во едукативниот, воспитниот и културниот живот на децата.

**1. Цели:**

- Развој на љубов кон животните и природата.
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за поимот илузија;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на институции
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина

**2. Содржина и опис на активности**

- Тргнување од Кавадарци околу 08 h
- Се патува до Скопје
- Посета на Музејот на илузии
- Слободна прошетка во главниот град

- Посета на Зоолошката градина
- Враќање во Кавадарци

**Времетраење на екскурзијата -** Еднодневна екскурзија што би се реализирала во март 2025

- **Локации за посета и правци на патување**

  Кавадарци - Скопје – Музеј на илузии- центар на град Скопје – Зоолошка градина - Кавадарци

**Одговорни наставници, други вклучени наставници и ученици:**

Наставници:: Цветанка Ласкова, Донка Чејкова, Лидија Захариева, Силвана Грозданова, Цветанка Каровска, Валентина Тодорова, Цветанка Стојановиќ, Петранка Стојанова, Владо Тасев
Ученици од IV до V одд. од ЦУ и ПУ Сопот.

**Техничка организација**

- Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учениците во основните училишта, за техничката организација се грижи стручниот тим за изготвување на програма за екскурзии и др. слободни активности. Патувањето ќе се реализира со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди и барања од Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца (чл.19 алинеја 3 од Правилникот)

**Начин на финансирање**

Екскурзијата ќе биде изведена со средства од родителите.

Стручен тим:

1. Ѓорѓи Ѓорчев
2. Јованка Шкартова
3. Розалија Рамова
4. Душанка Јошева
5. Оливера Летникова

Директор
Ѓорѓи Ѓорчев

- Посета на Зоолошката градина
- Враќање во Кавадарци

**Времетраење на екскурзијата** - Еднодневна екскурзија што би се реализирала во март 2025

- **Локации за посета и правци на патување**

Кавадарци - Скопје – Музеј на илузии- центар на град Скопје – Зоолошка градина - Кавадарци

**Одговорни наставници, други вклучени наставници и ученици:**

Наставници:: Цветанка Ласкова, Донка Чејкова, Лидија Захариева, Силвана Грозданова, Цветанка Каровска, Валентина Тодорова, Цветанка Стојановиќ, Петранка Стојанова, Владо Тасев

Ученици од IV до V одд. од ЦУ и ПУ Сопот.

**Техничка организација**

- Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учениците во основните училишта, за техничката организација се грижи стручниот тим за изготвување на програма за екскурзии и др. слободни активности. Патувањето ќе се реализира со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди и барања од Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца (чл.19 алинеја 3 од Правилникот)

**Начин на финансирање**

Екскурзијата ќе биде изведена со средства од родителите.

Стручен тим:

1. Ѓорѓи Ѓорчев
2. Јованка Шкартова
3. Розалија Рамова
4. Душанка Јошева
5. Оливера Летникова

Директор
Ѓорѓи Ѓорчев